Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 99

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 8 март 2012 година, со Одлука бр. 1802-67/11 избра Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Еленица Софијанова - претседател (наставно-научна област економика на земјоделството и развој);
– проф. д-р Ристо Фотов – член (наставно-научна област финансии);
– доц. д-р Зоран Димитровски, член (наставно-научна област земјоделско инженерство),

за избор на еден ***соработник (во звање асистент)*** за научната област ***економика на земјоделството и развој*** на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со објавениот Конкурс во весникот „Дневник“, на 15 февруари 2012 год., за избор на еден соработник (во звање асистент) за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се пријавија следниве кандидати: **м-р Цветанка Ѓелова-Златева, м-р Петар Клетникоски и Љубинка Дојчинова-Малчева.**

***М-р Цветанка Ѓелова-Златева***

Кандидатката **м-р Цветанка Ѓелова-Златева** ги приложила следниве документи: пријава, уверение за државјанство, диплома за завршени постдипломски магистерски студии, уверение за положени испити на постдипломски студии, уверение за познавање на странски јазик, список на објавени стручни трудови и еден примерок од труд и изјава од Комисијата за верификација на факти со потврда за прием.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Цветанка Ѓелова-Златева** е родена на 19 јули 1975 година во Кавадарци, каде што завршува основно и средно образование. Високото образование го продолжува на Факултетот за земјоделски науки и храна, а дипломира во 1999 година. Кандидатката во 2005 година магистрира на Факултетот за земјоделски науки и храна, група Нивско производство - Индустриски култури.

Кандидатката во периодот 1999 - 2003 година волонтира како технички асистент на Еколошко друштво „ОДЕК“ – Кавадарци. Од 20 февруари 2004 до 31 јануари 2005 година работи како стручен соработник - едукатор по земјоделство и екологија во локалната телевизија КТВ-41 Кавадарци, додека од март до октомври 2005 година работи како технички секретар на БИОМАК. Кандидатката го владее англискиот јазик и има познавање од неколку компјутерски програми.

Кандидатката е автор на прирачникот „Органско поледелско производство“ (2002 година).

***М-р Петар Клетникоски***

Кандидатот **м-р Петар Клетникоски** ги има поднесено следниве документи: пријава, кратка биографија (4 примероци), уверение за завршени магистерски студии (4 копии заверени на нотар), уверение за положени студии на додипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, Агроекономска насока, сертификат за познавање

на англиски јазик, список на презентирани и објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, уверение за државјанство, изјава од Комисијата за верификација на факти со потврда за прием и други дипломи, сертификати, одлуки и решенија од областа за која е распишан Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Петар Клетникоски** е роден на 16 октомври 1982 година во Кочани, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во Берово. Во јуни 2006 година дипломира на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Агроекономска насока. Кандидатот во 2011 магистрира на ЈНУ Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, при што се стекнува со научниот степен магистер на економски науки, област агробизнис.

Во периодот од октомври 2005 година до февруари 2006 година извршува студентско стажирање во **„**Инвестбанка" АД Скопје, во Секторот за кредитирање во земјоделството, додека од септември 2006 година до март 2007 година работи во Овчарска кооператива „Изгрев" – Берово, како проект-менаџер на одредени проекти кои ги реализира Овчарската кооператива.

Со Одлука бр. 866 од 4 јуни 2007 год. од Матичната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев" м-р Петар Клетникоски е избран во соработничко звање помлад асистент за научната област економика на земјоделството на Земјоделски факулет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Кандидатот м-р Петар Клетникоски успешно ги извршува своите наставни активности како асистент по предметите Развој на хумани ресурси (2+2+1), Основи на економија (2+2+1), Полјоделство (2+2+1) и Основи на растително производство (2+2+1) во Штип, Струмица, Кавадарци и во Свети Николе.

Резултатите од научната и стручната активност на кандидатот се презентирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови:

1. **Клетникоски. П.** (2011): „Компаративна анализа на профитабилноста и енергетската ефикасност во органско и конвенционално производство на пченица во овчеполскиот регион", магистерски труд од областа на агробизнис, Економски институт, Скопје.

Sofijanova.E, Fotov.R., **Kletnikoski. P.** (2011): „Correlation dependence between consumer needs satisfaction and profit making in agribusiness"scientific on-line journal "SCIENCE & TECHNOLOGIES "Volume I, Number 6, 2011: Plant studies Publisher - Union of Scientists - Stara Zagora, on-line at http://journal.sustz.com/VolumeI/Number6/index.html

Dimovska. V, Ivanova. V, Ilieva. V, Sofijanova. E, **Kletnikoski, P.** (2011): „The state of table grape varieties in r. Macedonia "scientific on-line journal "Science & Technologies" Volume I, Number 6, 2011: Plant studies Publisher - Union of Scientists - Stara Zagora, on-line at http://journal.sustz.com/VolumeI/Number6/index.html

2. Miceski T. **Kletnikoski P.** (2011): Implementation of QMS and EMS in tobacco companies according to the strategic development of this branch in EU. Journal of hygienic engineering and design – European Hygienic Engeneering and Design Group. World Congres on hygienic engineering and design, Macedonia: 224-23.
3. Sofijanova. E, **Kletnikoski. P.** (2011): „Intellectual capital - a new form of creating an economic competitiveness in a global economy",IX International scientific conference management andengineering`11, Технически университет – София Стопански факултет, Technical University – Sofia ,Faculty Of Management, June 19-22, 2011, Sozopol.
4. Sofijanova. E., **Kletnikoski. P.,** Stankoski. T., Korunoska. B. (2011*):* „Two central concepts – task and relationship as necessary factors for the survival of the organization", Universitetpohranitelnitehnologii – Plovdiv, Naucnakonferencija so megunarodnoucestvo, ,Hranitelnanauka, tehnika I tehnologii,14-15 Oktomvri, 2011.
5. **Клетникоски П.,** Мицески Т., (2010): Членството на Република Македонија во светската трговска организација со посебен осврт на трговската размена со земјоделско-прехранбени производи. Годишен зборник на Економски факултет - Штип, Год. 2: 35-43.

6. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2010): „Динамика и моментална состојба на производството на тутун во Република Македонија", Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, Vol. X, 2010.
7. Софијанова, Е., **Клетникоски П.** (2009): „Нов пристап на менаџментот во организациски конфликтни ситуации", Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, Vol. IX.
8. Николова, М.,Софијанова. Е., **Клетникоски П.** (2009): „Контрола и сертификација на органските производи", Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, Vol. IX.

Кандидатот м-р Петар Клетникоски има учествувано на бројни проекти, семинари, конференции, конгреси во земјава и во странство од кои позначајни се:

- член на експертскиот тим за изработка на Студија за одржлив развој на органско земјоделско производство во Источниот плански регион (2010);
- обука на тема „Користење на локални ресурси за одржлив микрорегионален развој во агробизнисот и туризамот во Јужен Балкан", ЗЕЛС, Штип, 25.1-27.1.2012 г.;
- Intensive training on sustainable agriculture, SATIS Tempus project, South East European University, Tetovo, Republic of Macedonia, 26.04-07.05.2010.

Кандидатот м-р Петар Клетникоски учествува во реализацијата на активности во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" од кои позначајни се:

- член на Комисијата на Земјоделски факултет за уписите од прв циклус студии за 2010/2011 и 2011/2012 год. на прием на документи и запишување на студенти во Кавадарци и во Штип во трите уписни рокови;
- учество во изготвувањето на програмите за прв и втор циклус студии за модулот Агроменаџмент на Земјоделски факултат, УГД – Штип.

***Љубинка Дојчинова***

Кандидатката **Љубинка Дојчинова-Малчева** ги приложува следните документи: пријава, уверение за положени испити од последипломски студии, одлука за прифатена тема за изработка на магистерски труд, потврда за познавање странски јазик, кратка биографија и уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Љубинка Дојчинова** е родена на 14 јули 1968 година во Кочани, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје во 1992 година и се здобива со назив дипломиран земјоделски инженер. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, група Зрнести и клубенести култури – нивско производство, каде што положува 6 испити. На кандидатката ѝ е прифатена тема за изработка на магистерскиот труд со наслов „Испитување на својствата на локалните популации грав во Кочанско". Кандидатката ги познава англискиот и францускиот јазик и има познавање од неколку компјутерски програми. Кандидатката сè уште не се стекнала со научен степен магистер.

Врз основа на извршениот преглед на доставената документација, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања, според член 129 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" 25/2008), кандидатката Љубинка Дојчинова не ги исполнува условите за избор во звање асистент, бидејќи нема завршено втор циклус студии и се нема стекнато со научно звање магистер.

Според тоа, само активностите на кандидатите м-р Цветанка Ѓелова-Златева и м-р Петар Клетникоски може да се бодуваат според критериумите за избор во звање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, што е дадено како прилог на овој извештај.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на пријавените кандидати, а со оглед на досегашната наставна активност, Комисијата му дава предност на канидатот м-р Петар Клетникоски, кој како досегашен асистент, покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа економика на земјоделството и развој. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Петар Клетникоски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно- научниот совет на Земјоделски факулет да му предложи **м-р Петар Клетникоски да биде избран во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој.**

**РЕЗЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Еленица Софијанова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**
**Доц. д-р Зоран Димитровски, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

### Т А Б Е Л А
**за вреднување на активностите на кандидатката м-р Цветанка Ѓелова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Раководител на семинар | 6 | 2 | 12 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати | | | |
| Учество на научен собор со реферат (усно) – во земјата | | | |
| Учество на научен собир со реферат (усно) – во странство | | | |
| Учесник во научен проект | 2 | 2 | 4 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Стручна монографија | 1 | 3 | 3 |
| ВКУПНО: | | | 23 |

### Т А Б Е Л А
**за вреднување на активностите на кандидатот м-р Петар Клетникоски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 40 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | **8** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 2(2,3,4)<br>4 (7,8,9,10) | 9/6/3 | 3*6=**18**<br>4*3=**12** |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 (5,6) | во странство 2 | **4** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | **2** |
| **Стручно- апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | **4** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **52** | | |